ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ 152.3 м²

Легенда:

- 10(20) kV НАДЗЕМНА МРЕЖА
- 0,4 kV ПОДЗЕМНА КАБЕЛСКА МРЕЖА
- ПЛАНИРАНА ТРАФОСТАНИЦА 10(20)/0,4 kV; 400(800) kVA
- ПЛАНИРАН СН КАБЕЛ
- ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА ВОД 1 m





ПРИКАЗ НА КАБЕЛСКИ РОВ ЗА СН КАБЕЛ
-ПРЕСЕК -

ИНФРАСТРУКТУРА СО РЕШЕНИЈА НА СИТЕ КОМУНАЛНИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ВОДОВИ И ОБЈЕКТИ

М 1:500

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

ИНВЕСТИТОР:	ЕВН МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ, КЕЦ и Тетово
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ:	УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА- ЗА ИЗГРАДБА СО НАМЕНА Е1.8 - НОВА КБТС 10(20)/0,4 kV; 400(800) kVA И НОВ 10(20) kV КАБЕЛСКИ ВОД НИЗ КП БР. 422, КП БР. 421, КП БР. 420, КП БР. 418/2 (КО ТРЕБОШ - ВОН ГРАД) - ОПШТИНА ЖЕЛИНО — Технички број: 051-33/2026
ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ:	ИНФРАСТРУКТУРА СО РЕШЕНИЈА НА СИТЕ КОМУНАЛНИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ВОДОВИ И ОБЈЕКТИ — Размер: М=1:500 — Дата: 09/2026 год. — Лист бр. 5
ИЗРАБОТУВАЧ:	Друштво за услуги, градежништво и трговија увоз - извоз "МАТЕСКИ АРХИТЕКТИ" ДООЕЛ Битола email: mateski.architects@gmail.com mob: +38970850389
ПЛАНЕР:	М-р Јован Матески дипл.инж.арх. Овластување о.0232
СОРАБОТНИК:	М-р Марија Рунтева инж.арх.

М-р ЈОВАН МАТЕСКИ дипл.инж.арх. Овластен планер 0232

МАТЕСКИ АРХИТЕКТИ


Урбанистички проект за инфраструктура - за изградба со намена Е1.8 - Нова КБТС 10(20)/0,4 kV; 400(800) kVA и нов 10(20) kV кабелски вод КП бр. 422, КП бр. 421, КП бр. 420, КП бр. 418/2 (КО Требош - вон град) - Општина Желино

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ 152.3 м²

Легенда:

- 10(20) kV НАДЗЕМНА МРЕЖА
- 0,4 kV ПОДЗЕМНА КАБЕЛСКА МРЕЖА
- ПЛАНИРАНА ТРАФОСТАНИЦА 10(20)/0,4 kV; 400(800) kVA
- ПЛАНИРАН СН КАБЕЛ
- Е - ИНФРАСТРУКТУРА Е1.8 - водови за пренос на електрична енергија
- Е - ИНФРАСТРУКТУРА Е1.8 - трансформаторски станици и подстаници

Група на класи на намени	Класа на намена	Должина на кабелски вод m	Површина за градење m²	Бруто развиена површина	Катност	Коефициент на искористеност	Процент на изграденост %
Е1.8 водови за пренос на електрична енергија	СН кабел	132 метри	132.30	132.30		0,87	86.85
1.1 Е1.8 трансформаторски станици и подстаници	ТС	/	20.00	20.00	п	0,13	13.14



ПРИКАЗ НА КАБЕЛСКИ РОВ ЗА СН КАБЕЛ -ПРЕСЕК -

СИНТЕЗЕН ПЛАН
М 1:500

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

ИНВЕСТИТОР:	ЕВН МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ, КЕЦ и Тетово		
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ:	УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА- ЗА ИЗГРАДБА СО НАМЕНА Е1.8 - НОВА КБТС 10(20)/0,4 kV; 400(800) kVA И НОВ 10(20) kV КАБЕЛСКИ ВОД НИЗ КП БР. 422, КП БР. 421, КП БР. 420, КП БР. 418/2 (КО ТРЕБОШ - ВОН ГРАД) - ОПШТИНА ЖЕЛИНО	Технички број: 051-33/2026	
ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ:	СИНТЕЗЕН ПЛАН	Размер: М=1:500	Дата: 09/2026 год.	Лист бр. 6
ИЗРАБОТУВАЧ:	Друштво за услуги, градежништво и трговија увоз - извоз "МАТЕСКИ АРХИТЕКТИ" ДООЕЛ Битола email: mateski.architects@gmail.com mob: +38970850389			
ПЛАНЕР:	М-р Јован Матески дипл.инж.арх. Овластување о.0232			
СОРАБОТНИК:	М-р Марија Рунтева инж.арх.			

0

М-р ЈОВАН МАТЕСКИ дипл.инж.арх. Овластен планер 0232

III. ПРОЕКТЕН ДЕЛ

III.1 Идеен проект

ДООЕЛ „МЕХАНОТЕХНИКА“
ДРУШТВО ЗА ИНЖЕНЕРИНГ, ПРОИЗВОДСТВО, ПРОМЕТ И УСЛУГИ, УВОЗ-ИЗВОЗ БИТОЛА
Ул.„Браќа Мингови“ бб, комплекс АВРА
Тел.: +389 75 462 767, 75 462 797
500-0000002298-20 Стопанска Банка Битола
ДБ МК 4002992108603
e-mail: mehanotehnika@t-home.mk

Објект: Нова КБТС 10(20)/0,4 kV; 400(800) kVA и нов 10(20) kV кабелски вод КП бр. 422, КП бр. 421, КП бр. 420, КП бр. 418/2 (КО Требош – вон град) – Општина Желино

Инвеститор: ЕВН Македонија А.Д. Скопје
ул."Лазар Личеноски" бр.11, Скопје
КЕЦ 11 Тетово

ИДЕЕН ПРОЕКТ

за:

Нова КБТС 10(20)/0,4 kV; 400(800) kVA и нов 10(20) kV кабелски вод КП бр. 422, КП бр. 421, КП бр. 420, КП бр. 418/2 (КО Требош – вон град) – Општина Желино

E

Технички број: 0302-72/26

Дата: Септември, 2026 год.

Проектант,
Ангела Ристевска
дипл.ел.инж.
Овластување бр.: 4.1371

АНГЕЛА РИСТЕВСКА
дипл.ел.инж.
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА
Б.4. ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА 1371

Управител,
Мирјана Секлевска, дипл.ек.

Број: 0809-50/150020260332765

Датум и време: 24.8.2026 г. 11:31

/Електронски издаден документ/

П О Т В Р Д А

за регистрирана дејност

ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	4511263
Назив:	Друштво за инжинеринг,производство,промет и услуги МЕХАНОТЕХНИКА увоз-извоз Битола ДООЕЛ
Седиште:	БРАЌА МИНГОВИ бр.29 локал 6-комплекс /Авра БИТОЛА, БИТОЛА

ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ	
Предмет на работење:	Регистрирана е општа клаузула за бизнис
Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:	71.120 - Инженерски дејности и поврзано техничко советување
Други дејности во внатрешниот промет:	Нема
Евидентирани дејности во надворешниот промет:	Има
Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:	Нема

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Верификација

Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/CC5E02966E57440A6F4279A3FA19D25A7CBFD57758F840475758ECAC2FDB16DC

Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 38 став (1) и член 16 став (2) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија'' 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23), Министерството за транспорт и врски издава

Л И Ц Е Н Ц А А
ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ НА ГРАДБИ ОД ПРВА КАТЕГОРИЈА
на

Друштво за инжинеринг, производство, промет и услуги

МЕХАНОТЕХНИКА увоз-извоз Битола ДООЕЛ

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

ВАСКО КАРАНГЕЛЕСКИ бр.5 БИТОЛА, БИТОЛА

ЕМБС: 4511263

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО 06.11.2030 година

Број П.144/А
06.11.2023 година
(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР

Благој Бочварски

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр.70/2013-пречистен текст, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016 , 39/2016, 71/2016 и 132/2016, 35/2018, 64/2018, 168/2018, 244/2019, 18/2020, 277/2022 и 111/2023, Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ Б

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

од

ЕЛЕКТРОТЕХНИКА

На

АНГЕЛА РИСТЕВСКА

дипломиран инженер по електротехника – универзитетски студии
(NQF 240 ECTS)

со подмирување на членарината за секоја тековна година
овластувањето важи до 01.04.2029 год.

Број: 4.1371

Издадено на: 02.04.2024 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

М-р Кристина Чулак
дипл.инж.арх.

А. Текстуален дел

I.СРЕДНОНАПОНСКИ КАБЕЛСКИ ВОД
1. ВОВЕД

Со цел обезбедување сигурно, квалитетно и континуирано снабдување со електрична енергија на постојните и идните корисници, во согласност со современите технички стандарди согласно техничкото решение од ЕВН Македнија АД Скопје, предвидена е изградба на нова КБТС 10(20)/0,4 kV; 400(800)kVA и нов 10(20) kV кабелски вод. Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план е изработен во се според „Законот за градење ("Службен весник на РМ" број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 64/18, 168/18, 244/19, 18/20 и 96/21, „Законот за урбанистичко планирање“ (Сл.весник на РСМ бр. 32/20, 111/23) согласно важечкиот Правилник за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23) како и препораките на ЕВН – Македонија АД – Скопје.

2. ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА 10(20) kV КАБЕЛСКИ ВОД

Објект:	Нова КБТС 10(20)/0,4 kV; 400(800) kVA и нов 10(20) kV кабелски вод КП бр. 422, КП бр. 421, КП бр. 420, КП бр. 418/2 (КО Требош – вон град) – Општина Желино
Локација:	КП бр. 422, КП бр. 421, КП бр. 420, КП бр. 418/2 (КО Требош – вон град) – Општина Желино
Почетна точка:	Нова КБТС 10(20)/0,4 kV; 400(800) kVA на КП бр. 422 (КО Требош – вон град) – Општина Желино
Крајна точка:	влез – излез постоечки извод на КП бр. 421 (КО Требош – вон град) – Општина Желино
Траса на водот:	Подземна кабелска траса
Номинален напон:	10 (20) kV, 50 Hz
Должина на кабелска траса:	132 метри
Должина на кабелски вод:	6 x 140 метри
Проводници:	2 x NA2XS(F) 2Y 3x1x240 mm^2

3. ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА СПРОВОДНИЦИТЕ

Тип на кабел и пресек:	NA2XS(F) 2Y 3x1x240 mm^2
Проводник:	Алуминиумски,едножилен
Пресек на жила:	240 mm^2
Надворешен дијаметар на кабел:	39 mm
Тежина на кабел:	1800 kg/km
Изолација:	PVC
Плашт:	HDPE
Радиус на свиткување:	(580 x Ø кабел) mm
Дозволена сила на влечење при положување:	3 daN/mm^2

4. ОПИС НА 10(20) kV КАБЕЛСКИ ВОД

Со цел обезбедување сигурно, квалитетно и континуирано снабдување со електрична енергија на постојните и идните корисници, во согласност со современите технички стандарди согласно техничкото решение од ЕВН Македонија АД Скопје, предвидена е изградба на нова КБТС 10(20)/0,4 kV; 400(8000)kVA и нов 10(20) kV кабелски вод. Среднонапонските кабелски вод е со должина од околу 132 метри и истиот ќе биде изведен со тип кабел 2 x NA2XS(F)2Y 3x1x240 mm^2. Почетна точка на предметната траса е планирана КБТС на КП бр. 422, додека крајна точка е влез-излезна постоечки извод на КП бр. 421. Трасата на новопредвидениот кабелски вод целосно минува низ КП бр. 422, КП бр. 421, КП бр. 420, КП бр. 418/2 (КО Требош- вон град) – Општина Желино.

5. КАРАКТЕРИСТИКИ НА 10(20) kV КАБЕЛСКИ ВОД

Ископот на кабелскиот ров треба да се изведе рачно или машински, со внимателно копање. Ваквото барање е заради можноста за постоење на подземни инсталации кои не се очекувани при ископот.
При ископ на ровот, доколку дојде до обрушување на земјата, треба да се изврши потпирање на страните на ровот.
Ширината на дното на ровот треба да е 0.5 m и длабочина на ровот од 0.8 m на регулирана површина. Предметниот кабел тип NA2XS(F) 2Y 3x1x240 mm^2 во ровот се положува на начин претставен на цртеж бр. Г001.
Затрупувањето на ровот се изведува во слоеви со нивно набивање а површината на ровот треба да се врати во првобитната состојба.
Кабелот механички се заштитува со поставување на пластични “ГАЛ” штитници на начин кој е претставен во цртеж бр. Г001.
Во кабелскиот ров се предвидува полагање на FeZn лента 40x4mm по цела должина на трасата. Лентата треба да биде поврзана со заштитното заземјување на трафостаницата.

6. ВКРСТУВАЊЕ И ПАРАЛЕЛНО ВОДЕЊЕ НА КАБЕЛСКАТА ТРАСА СО ДРУГИ ИНСТАЛАЦИИ И СООБРАЌАЈНИЦИ

Изведбата на трасата мора да се изврши во се според даденото „Упатство за поставување на енергетски кабли“ и според графичките прилози .

7. ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА КАБЛИТЕ

Над положените кабли треба да се положи пластифицирана предупредувачка лента по целата должина на ровот.
Доколку Инвеститорот смета дека е потребно, може да се вградат и други ознаки за обележување на кабелската траса.

8. УПАТСТВО ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКИ КАБЛИ

8.1. Директно полагање на енергетски кабли во земја

Се препорачува директно полагање на енергетски каблови во земја, во кабелски ров чии димензии зависат од номиналниот напон на кабелот, видот на земјиштето како и од бројот на кабли кои се полагаат во истиот ров.
Нормална длабочина на ровот во кој се полага кабелот изнесува:

- 1.1 m за кабли 35 kV
- 0.7 – 0.8 m за кабли 1 kV, 10 kV и 20 kV

Отстапувања се дозволени на помали должини при вкрстување со други кабли и инсталации, како и во случаи на неповолни услови на полагање.
Доколку кабелот се полага на помали длабочини поради разни препреки или други инсталации, потребно е да се предвиди дополнителна заштита од механички оштетувања со примена на заштитни цевки, бетонски заштитници и сл.
Кабелот се полага во средина на слој од песок и шљунак кој е со дебелина 0.2 m. над дното на кабелскиот ров. За набивање на овој слој треба да се користат исклучително рачни набивачи.
Кабелскиот ров се копа како отворен ров. Само во случај на вкрстување на кабелот со железничка пруга или со пат или улица каде не смее да се прекинува сообраќајот се врши бушење на отвор за цевка низ која се провлекува кабелот. Ова мора да се врши многу внимателно, да не дојде до оштетување на друга инсталација.
Ископаниот кабелски ров мора да биде видливо обележан, поради сигурност на пешаците и возилата. Влезовите во куќи и деловни простории треба да имаат соодветни премостувања.
Затрупувањето на кабелскиот ров се врши со земја од откопот или со новодонесена земја во слоеви од по 0.3 m. Слоевите од земја над постелицата од песок и шљунак се набиваат со механички набивачи.
При затрупувањето на кабелскиот ров, над кабелот вдолж целата траса треба да се постави пластична предупредувачка лента:


- при полагање на кабел на регулирани површини се поставува една предупредувачка лента на 0.4 m над кабелот (сл. 1),
- при полагање на кабелот на нерегулирани површини се поставуваат две предупредувачки ленти од кои првата е на 0.3 m, а втората на 0.5 m над кабелот (сл. 1),
- ако во исти ров се полагаат повеќе кабли, тогаш бројот на предупредувачки ленти и нивното меѓусебно растојание треба да бидат така одбрани да сите кабли бидат “покриени” со предупредувачки ленти (сл. 2).

Пластичната педупредувачка лента е со црвена боја со втиснат натпис за внимателност, ширината на траката треба да биде околу 10 cm, а квалитетот на материјалот треба да

гарантира век на траење од околу 30 години.




1 предупредувачка лента; 2 набиена земја во слоеви; 3 кабел; 4 песок
Слика бр. 1



1 СН кабел; 2 НН кабел; 3 песок; 4 набиена земја во слоеви;
5 предупредувачка лента; 6 цигли;
Слика бр. 2

За премин под пат во урбанизирани населби наместо кабелска канализација може да се користи и директно полагање на кабли во земја, во ров со длабочина 1.4 m се поставува постелица на кабелот која е претходно опишана, над неа се поставуваат армирно-бетонски плочи, слој на земја и слој на мршав бетон МБ-15 (сл. 3).
После полагањето, изработката на кабелските спојници и завршници, напонското испитување на комплетниот кабелски вод и затрпувањето, кабелската траса се доведува во првобитната состојба т.е. вишокот на земја се одвезува на планирано место, се поправаат и асфалтираат сообраќајниците и т.н.



1 кабел; 2 песочна постелица; 4 армиранобетонска плоча;
3 слој на земја; 5 предупредувачка лента; 6 бетон МБ 15 7 тампон на патот
Слика бр. 3

8.2. Приближување и вкрстување на енергетски кабел со други подземни инсталации

8.2.1. Приближување и вкрстување на енергетски и телекомуникациони кабли

Дозволено е паралелно водење на енергетски и телекомуникациски кабел на меѓусебно растојание од најмалку:

- 0.5 m за кабли 1 kV, 10 kV и 20 kV
- 1 m за кабли 35 kV

Вкрстување на енергетски и телекомуникациски кабел се врши на растојание од најмалку 0.5 m.

Аголот на вкрстување треба да биде:

- во населени места најмалку 30°, а по можност што поблиску до 90°,
- вон населени места најмалку 45°.

Енергетскиот кабел по правило се поставува под телекомуникацискиот кабел.

Доколку неможат да се постигнат растојанијата кои се претходно дадени на местото на вкрстување енергетскиот кабел треба да се вовлече во заштитна цевка, но и тогаш растојанието несмее да биде помало од 0.5 m.

Растојанијата и аглите на вкрстување кои се претходно дадени не се однесуваат на оптички кабли.

Телекомуникациските кабли кои исклучително служат за потребите на електродистрибуциите можат да се полагаат во исти ров со енергетски кабли на растојание не помало од 0.2 m.

8.2.2. Приближување и вкрстување на енергетски кабел со цевки на водовод и канализација

Не е дозволено паралелно водење на енергетски кабли под или над водоводни и канализациски цевки.

Хоризонталното растојание на енергетскиот кабел од водоводна или канализациска цевка треба да изнесува најмалку 0.5 m за кабли 35 kV т. е. најмалку 0.4 m за останатите кабли.

При вкрстување, енергетски кабел може да биде положен под или над водоводна или канализациска цевка на растојание од најмалку 0.4 m за кабли 35 kV односно најмалку 0.3 m за останатите кабли.

Доколку неможат да се постигнат растојанијата претходно дадени, на тие места енергетскиот кабел треба да се провлече низ заштитна цевка.

На местата на паралелно водење или вкрстување на енергетски кабел со водоводни или канализациски цевки, кабелскиот ров се копа рачно (без употреба на механизација).

8.2.3. Приближување и вкрстување на енергетски кабел со топловод

Не е дозволено паралелно водење на енергетски кабли под или над топловод.

При вкрстување, енергетскиот кабел се полага над топловод, а во исклучителни случаеви под топловод.

Помеѓу енергетски кабел и топловод се поставува топлотна изолација од полиуретан, пенлив бетон и т.н. (сл. 4).


Хоризонталното растојание помеѓу енергетскиот кабел и надворешната ивица на каналот за топловод треба да изнесува најмалку 0.7 m за кабли 35 kV, односно 0.6 m за останатите кабли.

Доколку неможе да се постигнат претходно дадените најмали растојанија се применуваат дополнителни заштитни мерки со кои се обезбедува да топлотното влијание на топловодот врз кабелот не биде поголемо од 20°C. Заштитни мерки се следните:

- зајакната изолација помеѓу топловодот и енергетскиот кабел,
- примена на кабли со изолација од вмрежен полиетилен (XP00; XHE 49-A и сл.)

- примена на метални екрани помеѓу кабелот и топловодот и други.

При вкрстување и паралелно водење на енергетски кабел за јавно осветлување и топловод треба да се оствари растојание од најмалку 0.3 m.



1 површина на тло 2 предупредувачка лента; 3 пластична цевка ∅ 160;
4 кабел; 5 изолација од пенлив бетон;
Слика бр. 4



Слика бр. 5

8.2.4. Приближување и вкрстување на енергетски кабел со гасовод

Не е дозволено паралелно водење на енергетски кабли под или над гасовод.
Растојанието помеѓу енергетски кабел и гасовод при вкрстување и паралелно водење треба да биде најмалку:

- 0.8 m во населено место
- 1.2 m вон населено место

Растојанијата можат да се намалат до 0.3 m ако кабелот се положи во заштитна цевка со должина најмалку 2 m од двете страни на вкрстувањето или по целата должина на паралелното водење.

8.2.5. Приближување и вкрстување на енергетски кабли

Меѓусебното растојание на енергетски кабли (повеќежилни кабли или кабелски сноп од три едножилни кабли) во ист ров се одредува врз основа на струјното оптоварување на истите, но не смее да биде помало од 0.07 m при паралелно водење, односно 0.2 m при вкрстување.

За обезбедување на пропишаното растојание при паралелно водење т.е. недопирање на каблите потребно е по целата должина на трасата да се постават бетонски опеки на меѓусебно растојание од 1 m.

8.2.6. Вкрстување на енергетски кабел со пат вон населено место

Вкрстување на кабелски вод со пат вон населено место се врши така што кабелот се полага во бетонски канал или бетонска или пластична цевка навлечена во хоризонтално избушен отвор. Со тоа се обезбедува замена на кабелот без раскопување на патот.
Вертикалното растојание помеѓу горната ивица на кабелската канализација и површината на патот треба да изнесува најмалку 0.8 m.
Растојанието помеѓу кабелскиот вод и пат вон населено место при паралелно водење, односно приближување изнесува:

- за автопат и пат од прв ред: најмалку 5 m за паралелно водење и најмалку 3 m за приближување,
- за патишта под прв ред: најмалку 3 m за паралелно водење и најмалку 1 m за приближување.

8.2.7. Полагање на енергетски кабли преку мостови


За полагање преку мостови се препорачува користење на кабли со полимерна изолација и полимерен плашт (XP00-AS, XHE 49-A и др.).
За полагање преку мост дозволено е користење на хартиени кабли со алуминиумски плашт, тип NPHA 03-A. Не е дозволено полагање на енергетски кабли со оловен плашт.
Се препорачува полагањето на енергетските кабли да биде под пешачката стаза на мостот во канали или цевки. Овие канали (цевки) не смее да се користат за атмосферски води и мора да биде овозможено природно ладење на каблите во цевките. Дозволено е слободно полагање по конструкцијата на мостот ако енергетските кабли се непристапни на нестручни лица и ако се заштитени од директно влијание на сончевите зраци.
Енергетските кабли под мостовите, доколку е можно, треба да се полагаат во еден дел, без употреба на спојници. Во спротивно кабелската спојница треба да е оддалечена најмалку 10 метри од краевите на мостот.
Треба да се избегнува полагање на каблите под дрвени мостови. Во спротивно каблите треба да се полагаат во пластични или метални цевки.
На премините на енергетските кабли од челичната конструкција на мостовите на страничните потпирачи, како и на премините на дилетационите делови на мостот, потребно е да се остави соодветна резерва.

8.3 Полагање на едножилни енергетски кабли

Се препорачува полагање на едножилни кабли (XHE 49-A и др.) во триаголнест сноп. На пократки делници дозволено е и полагање во хоризонтална рамнина на меѓусебно растојание од 0.07 m.
Снопот се формира со провлекување на каблите низ соодветна матрица при одмотување од три котури. Формираниот сноп на секој 1-2 метри се зацврстува (обмотува) со обујмица или самолеплива лента.



а) во триаголен сноп



б) во хоризонтална рамнина

Дозволено е поединечно провлекување на едножилен кабел низ цевка од неферомагнетен материјал по услов цевката да не е подолга од 20 метри.
Дозволено е провлекување на сноп од три едножилни кабли од сите три фази низ челична цевка.

За прицврстување на едножилни кабли можат да се користат само обујмици од неферомагнетен материјал (бакар, алуминиум, пластика и т.н.).
На двата краја на кабелскиот вод потребно е галвански да се поврзат металните плаштови на сите три едножилни кабли и овој спој да се заземји.

9. КАБЕЛСКИ ПРИБОР

Кабелскиот прибор служи за затварање на краевите на кабелот за да се спречи продирање на влага, што се остварува со помош на кабловски завршници (глави) за внатрешна и надворешна монтажа и кабловски спојници.
За среднонапонските кабли (XHE 49-A, NPO 13-AS итн.) се препорачува да се користат кабелски спојници и завршници од топлособирачки, ладнособирачки или префабрикувани елементи.
Кабелските спојници и завршници траба да ги монтираат стручно обучени работници кои доследно ги применуваат сите упатства и барања на производителите посебно во врска со технолошката чистота, непрекидноста на електричната заштита, слабопроводните слоеви и плаштот на среднонапонските кабли итн.
Кабелската завршница на среднонапонскиот кабел мора да има прибор за едноставно приклучување на металниот плашт и арматурата, односно електричната заштита на кабелот, на заземјувачот на трансформаторската станица или столбот.
Кабелската спојница посебно не се заземјува, независно од тоа дали е од изолационен материјал или метална.

II. ТРАНСФОРМАТОРСКА СТАНИЦА
1. ВОВЕД И ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ

Предмет на обработка во овој Основен проект претставува техничкото решение за изградба на нова КБТС 10(20)/0,4kV; 400(800)kVA на КП бр. 422 (КО Требош – вон град).
Според техничкото решение, предвидена е изградба на две нови од ист тип компактно бетонски трафостаници КБТС 10(20)/0,4kV за напојување на потрошувачите. Трафостаницата од овој тип КБТС 10(20)/0,4kV се изведува како типска компактно-бетонска трафостаница со страници од сендвич панели, за моќност од 800 kVA, со целата опрема во неа димензионирана и избрана за еден трансформатор со моќност од 400 kVA.
За приклучување на новите трафостаницаи предвиден е нов 10(20)kV кабелски приклучен вод тип 2 x NA2XS(F) 2Y 3x1x240 mm^2.
Основниот проект е изработен во се според „Законот за градење“ (Сл.весник бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 64/18, 168/18, 244/19, 18/20 и 96/21), стандардот IEC 61330, како и препораките на ЕВН – Македонија АД – Скопје.

Технички податоци за трафостаницата:

1. Номинален работен напон: - 20kV
2. Максимален работен напон: - 24kV
3. Работен напон (U_e) на ниска страна: - 0,4kV
4. Номинална фреквенција: - 50Hz
5. Број на фази: - 3
6. Ниво на изолација на висока страна: - 50kV
7. Ниво на изолација (U_i) на ниска страна: - 660V
8. Импулсен напон кој може да се издржи ($U_{1.2/50\mu s}$) на висока страна: - 125kV
9. Импулсен напон кој може да се издржи (U_{imp}) на ниска страна: - 8kV
10. Номинална струја на разделувач на моќност: - 630A
11. Номинална струја на трафо разделувач на моќност: - 200A
12. Номинална струја на влезот од ККУ за развод и управување на НН страна: - 1250A
13. Струја на куса врска на ниска страна (струја на термичка отпорност): - 16kA/1s
14. Струја на динамичка отпорност на висока страна: - 38kA
15. Максимална моќност на КБТС: - 1x800kVA
16. Моќност на трансформаторот: - 1x400kVA
17. Струја која може да се издржи краткотрајно (струја на термичка отпорност) (I_{cw}) на НН страна: - 25kA
18. Струја на динамичка отпорност (I_{pk}) на НН страна: - 40kA
19. Класа на обвивката: - 10
20. Степен на заштита обезбедена преку обвивката: - IP 33

2. ДИСПОЗИЦИЈА И ГРАДЕЖЕН ДЕЛ

Куќиштето на трафостаницата е со бетонска основа, изработена од висококвалитетен бетон, со сите потребни хидро и топлотни изолации, додека страните се од метална конструкција затворена со огноотпорни сендвич панели. Трафостаницата е со димензии 2900x2100x2457mm.
Објектот се состои од три сектори: за нисконапонска постројка, за среднонапонска постројка и трафо бокс.
Трафо боксот е поставен во средината од објектот, меѓу секторите за 20 kV постројката и нисконапонскиот развод. Во трафо боксот ќе се постави маслен трансформатор 10,5(21)/0.42/0.242 kV, 400 kVA. Од едната страна на трафо боксот има две врати на кои се поставени вентилациски отвори (жалузини), со кои се овозможува ладење на трансформаторот по природен пат.
Секторот за 20 kV постројката е одреден да ги собере ормарите од 20 kV постројката. Вратите на секторот кои се поставени на периметарот на трафостаницата, се метални и се отвараат кон надвор.
Секторот за нисконапонскиот развод е ист како секторот за 20 kV постројката, само со поголеми димензии.
Вратите на сите сектори ќе се заклучуваат со сериски брави и на нив ќе се монтираат соодветните предупредувачки таблички. Работењето во 20 kV постројката ќе се врши од надвор, по отварање на вратите, додека во нисконапонската постројка ќе се влегува внатре и ќе се опслужува истата.
Трафостаницата е со водонепропусна када, за собирање на маслото кое може да истече во случај на хаварија. Исто така има и херметички затворени влезови за среднонапонските кабли.
Помеѓу трафо боксот и СН разводна постројка има преграден ѕид од армиран бетон. Во фундаментот се предвидени отвори за подигање, отвори со премини за кабли HSI-150 за влезни и излезни СН кабли и отвор за излезни кабли НН. Предвидени се и два отвора за вклучување на резервен генератор, затворени однадвор со пластичен капак, со монтирани орнаменти за отворање само од внатре.
Вратите на одделните отсеци се исполнети со алуминиум, бојадисувани со прав во RAL 7035. Полните делови од вратите се реализирани од алуминиумски лим, бојадисуван со прав во RAL 7035. Решетките за вентилација се од алуминиумски профил во алуминиумска рамка, бојадисувана со прав во RAL 7035. Обезбедени се од влегување на глодачи, влегување на птици и влекачи и не дозволуваат да се достигне со жица или друга направа до деловите под напон.
За сите делови на КБТС се користат квалитетни материјали, кои не ја загадуваат животната околина. Трафостаницата ќе биде изведена за работа на отворено, во нормални услови.

Дополнителни податоци за конструкцијата:


Степен на безбедност:	- IP-33
Издржливост на удар:	- 20J
Издржливост на покривот:	- 3300N/m^2
Класа на обвивката:	- 10
Отпорност на оган на ѕидовите и на плафонот:	- 120мин
Минимална оддалеченост од други згради во зависност од типот на соседни објекти:	- од 10м до 12м

3. ЗАЗЕМЈУВАЊЕ

За заштита на вработените од недозволено висок напон на допир, како и за нормална работа на трансформаторот во КБТС, предвидено е да се изведе заземјување на трафостаницата. Секоја префабрикувана КБТС во областа на нисконапонската расклопна постројка за низок напон доаѓа со вградена шина кон која се поврзуваат сите поединечни заземјувачи и која се користи за изедначување на потенцијалот од профилиран бакар 50/10 mm. На оваа шина за заземјување видливо се приклучени сите метални делови од КБТС, нејзината арматура, ДТР и СН постројката.

N(PE)-шината и монтажната плоча (заедно со нејзината рамка-држач) од нисконапонската разводна табла се поврзани одделно со РОТ-шината преку изолиран бакарен проводник H07V-K 1x150 mm² обележан со зелено-жолта боја. Заради мерење овие врски се приклучени така што се лесно достапни.

Заземјувањето на КБТС се изработува во вид на прстен за изедначување на потенцијалот поставен во две нивоа и поединечни заземјувачи кои се поставени во кабелските канали од секој приклучен СН и НН кабел кон КБТС. Заземјувањето на секоја КБТС мора да има најмалку три вакви “дополнителни“ заземјувачи, доколку нема, потребно е да се изработи трет (дополнителен) заземјувач со трака за заземјување 40x4 со должина од 10m или со 3 вертикални заземјувачи „сонди“ со должина од 1,5m (растојанието помеѓу секој вертикален заземјувач мора да изнесува најмалку 3m). Сите заземјувачи кои се поставени во кабелските канали се поврзуваат на РОТ шината со изолиран проводник H07V-K 1x50 mm² изолиран со жолто-зелена боја. Врската помеѓу заземјувањето поставено во кабелскиот канал и изолираниот проводник мора да се направи на растојание од најмалку 50 cm (> 0,5m) од потенцијалниот прстен поставен околу самата КБТС (види цртеж).



Слика 1. Изглед на потенцијален прстен за заземјување изработен во две нивоа

Секоја врска помеѓу бакарен проводник и трака за заземјување мора да се изолира со водозаптивна трака за заштита од корозија.

Прстенот за изедначување на потенцијалот (односно заштитното заземјување на КБТС) се изработува од прстени поставени во две нивоа, од поцинкувана челична трака 40/4 mm околу самата трафостаница и се поврзува со шината за изедначување на потенцијалот (РОТ-шина) преку префабрикуван изолиран бакарен проводник H07V-K 1x50 mm². Испорачателот на КБТС ги испорачува бакарните изолирани проводници кои се поврзани на шината за изедначување на потенцијалот во трафостаницата, а служат за поврзување на опремата и арматурата од самата КБТС како и за поврзување на прстенот за изедначување на потенцијалот. РОТ-шината е димензионирана така што по монтажата на сите предвидени заштитни проводници, остануваат уште 6 слободни места за прицврстување заради приклучување на дополнителни заштитни проводници.

3. ПРОТИВПОЖАРНА И ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА

Противпожарната заштита треба да е во согласност со техничките прописи за специјална заштита на енергетски постројки и Законот за заштита и спасување и правилници за заштита од пожари. Бидејќи моќноста на енеретскиот трансформатор е помала од 1600 kVA, а трансформаторот е сместен во посебна просторија, нема потреба од изградба на посебна маслена јама надвор од објектот туку доволно е само да се собере евентуално истечено масло во садот под трансформаторот.
Сите електрични инсталации, апарати и опреми кои се предмет на овој проект, се соодветни на степенот за опасност од експлозија, пожар и опасност од струен удар.
Во однос на опасноста од експлозија – нема простории експлозивно опасни.
Во однос од пожари при хаварија и разлевање на маслото од трансформаторот постои опасност од пожар со безбедносна одалеченост и спречување на пламенот да излезе од контејнерот на трафостаницата. Предвидени се рачни противпожарни апарати од типот S- 9 и CO_2-5.
Во однос на опасноста од струен удар, целата опрема многу е опасна. Техничките решенија вклучени во проектот имаат за задача зголемување на безбедноста во експлоатација и избегнување на хаварии.
Во проектирањето се запазени следните валидни прописи и правила:
Заштитата од превисок напон на допир и чекор изведена е по принцип на изедначување на потенцијалот по пат на спојување на сите метални делови во трафостаницата, кои нормално не се под напон, со заштитното заземјување. Околу трафостаницата поставени се прстени на растојание од 1м и 2м од КБТС со цел да се изврши обликување на потенцијалот. Заштита од случаен допир на делови од постројката под напон изведена е со оклопената конструкција на среднонапонската и нисконапонската постројка, кои се поврзуваат на заштитното заземјување. За потрошувачите на електрична енергија е предвидена заштита надвор од таблата преку самостоја заштитна жила на каблите за напојување. Предвидено е заштитно заземјување по должината на 20 kV кабел преку поцинкувана челична лента FeZn 40x4 mm, поставена во ровот со каблите.
Предвидени се неопходни блокирања во конструкцијата на комплетната направа за развод (КРУ) 20 kV.
За спречување на хаварии електричните уреди се заштитени со електромагнетни и термички заштити преку автоматски прекинувачи. За заштита на трансформаторите е предвидена максимална струјна заштита на страната на 20 kV постројка. За заштита на изводите од НН таблата се предвидени разделувачи со осигурувачи.
Од аспект на заштита при работа во постројката истата е поделена на три зони:

Прва зона - зона на слободно движење, односно зона во која не е присутна опасноста од електрична струја.

Втора зона - зона на контрола и манипулација, простор меѓу среднонапонскиот и нисконапонскиот блок. Во оваа зона одреден тип на манипулации може да се изведат под напон, но при тоа треба да се придржува кон ограничувањата кои се дадени во Правилникот за технички мерки за сигурна работа во електроенергетски постројки и во упатсвото за сигурна работа.

Трета зона - зона на опасност од електрична струја во која е дозволено присуство само во безнапоска состојба.

Пред почеток со работа во безнапонска состојба, потребно е да се спроведат основните и додатните мерки на сигурност:

1. Исклучување и видливо одвојување на деловите под напон.
2. Превземање мерки за спречување од повторно вклучување.
3. Проверка на безнапонска состојба.
4. Заземјување и кратко спојување.
5. Оградување на работното место од делови под напон.

При изведување на работата во близина на делови од постројката под напон, потребно е на сите работници да им се обрне внимание за присуството на напон и точно да се дефинира просторот за работа и движење. Деловите под напон треба да се обезбедат од случаен непосреден или посреден допир со поставување на заштитни прегради.
На надворешна страна на вратите потребно е да се постават предупредувачки таблички.
Во трафостаницата треба да има:


- Еднополна шема на постројката;
- Упатство за пружање на прва помош;
- Табличка со натпис со пет правила на сигурна работа;
- Таблици за предупредување за висок напон.


При превземање во експлоатација на објектот корисникот е должен да разработи “Инструкции за експлоатација“ за следното:

1. Местата за евентуални пожари и хаварии и начините за нивно спречување и поништување.
2. Места за дежурни комплети од инструменти и противпожарни средства.
3. Неопходност од користење на лични заштитни средства и специјална работна облека.
4. Периодичноста во спроведување на профилаксни прегледи и ремонти на уредите, инсталацијата и опремата.

Монтажата, прегледите, ремонтите и експлоатацијата да се извршат од персонал кој ја има соодветната квалификација за овој вид надзорни уреди.


В. Графички дел


ЛЕГЕНДА:
10(20) kV НАДЗЕМНА МРЕЖА
0,4 kV ПОДЗЕМНА КАБЕЛСКА МРЕЖА
ПЛАНИРАНА ТРАФОСТАНИЦА
10(20)/0,4 kV; 400(800) kVA
ПЛАНИРАН СН КАБЕЛ
ЗАШТИТНА ПВЦ ЦЕВКА
нова КБТС
10(20)/0,4 kV; 400(800) kVA
420
422
419/3
419/1
418/2
373/2
373/4
373/6
373/3
373/1
373/5
378/2
378/3
421
378/1
1
влез/излез
постоечки извод
ИМЕ НА ЛОКАЦИЈАТА:
(КО Требош - вон град) -
Општина Желино
НАРАЧКА Бр.:
ИНВЕСТИТОР:
ЕВН Македонија А.Д. Скопје
ул. „Лазар Личеноски“, бр.11, Скопје
КЕЦ 11 Тетово
ТЕХНИЧКИ Бр.:
0302-72/26
ИЗГОТВУВАЧ НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА:
Механотехника ДООЕЛ, Битола
ул.„Браќа Мингови“ бб, Битола
дата:
име:
09/2026
Проектант:
Ангела Ристевска,
дипл.ел.инж.
ПРОЕКТ:
Нова КБТС 10(20)/0,4 kV; 400(800) kVA и нов 10(20) kV кабелски вод КП бр. 422, КП бр. 421,
КП бр. 420, КП бр. 418/2 (КО Требош - вон град) - Општина Желино
Соработник:
големина:
А4
ИМЕ НА ЦРТЕЖОТ:
Ситуација на електрична мрежа -
катастарска основа
E
ЛИСТ:
1
размер:
1:750




ПРИКАЗ НА КАБЕЛСКИ РОВ
- ПРЕСЕК -

ИМЕ НА ЛОКАЦИЈАТА: (КО Требош - вон град) - Општина Желино	НАРАЧКА Бр.:		ИНВЕСТИТОР: ЕВН Македонија А.Д. Скопје ул. „Лазар Личеноски“, бр.11, Скопје КЕЦ 11 Тетово	EVN
ТЕХНИЧКИ Бр.: 0302-72/26			ИЗГОТВУВАЧ НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА: Механотехника ДООЕЛ, Битола ул.„Браќа Мингови“ бб, Битола	
		дата:		
	име:	09/2026	ПРОЕКТ: Нова КБТС 10(20)/0,4 kV; 400(800) kVA и нов 10(20) kV кабелски вод КП бр. 422, КП бр. 421, КП бр. 420, КП бр. 418/2 (КО Требош - вон град) - Општина Желино	
Проектант:	Ангела Ристевска, дипл.ел.инж.			
Соработник:			големина: А4 размер:	ИМЕ НА ЦРТЕЖОТ: ПРИКАЗ НА КАБЕЛСКИ РОВ - ПРЕСЕК E ЛИСТ: 2




ВКРСТУВАЊЕ СО ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИОНА ЦЕВКА
- ПРЕСЕК -

ИМЕ НА ЛОКАЦИЈАТА: (КО Требош - вон град) - Општина Желино	НАРАЧКА Бр.:		ИНВЕСТИТОР: ЕВН Македонија А.Д. Скопје ул. „Лазар Личеноски“, бр.11, Скопје КЕЦ 11 Тетово	EVN
ТЕХНИЧКИ Бр.: 0302-72/26			ИЗГОТВУВАЧ НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА: Механотехника ДООЕЛ, Битола ул.„Браќа Мингови“ бб, Битола	
		дата:		
	име:	09/2026	ПРОЕКТ: Нова КБТС 10(20)/0,4 kV; 400(800) kVA и нов 10(20) kV кабелски вод КП бр. 422, КП бр. 421, КП бр. 420, КП бр. 418/2 (КО Требош - вон град) - Општина Желино	
Проектант:	Ангела Ристевска, дипл.ел.инж.			
Соработник:			големина: А4	ИМЕ НА ЦРТЕЖОТ: ДЕТАЛ-ВКРСТУВАЊЕ СО ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИОНА ЦЕВКА
			размер:	E
				ЛИСТ: 3




ВКРСТУВАЊЕ СО ПОДЗЕМЕН ТФ КАБЕЛ
- ПРЕСЕК -

ИМЕ НА ЛОКАЦИЈАТА: (КО Требош - вон град) - Општина Желино	НАРАЧКА Бр.:		ИНВЕСТИТОР: ЕВН Македонија А.Д. Скопје ул. „Лазар Личеноски“, бр.11, Скопје КЕЦ 11 Тетово	EVN
ТЕХНИЧКИ Бр.: 0302-72/26			ИЗГОТВУВАЧ НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА: Механотехника ДООЕЛ, Битола ул.„Браќа Мингови“ бб, Битола	
		дата:		
	име:	09/2026	ПРОЕКТ: Нова КБТС 10(20)/0,4 kV; 400(800) kVA и нов 10(20) kV кабелски вод КП бр. 422, КП бр. 421, КП бр. 420, КП бр. 418/2 (КО Требош - вон град) - Општина Желино	
Проектант:	Ангела Ристевска, дипл.ел.инж.			
Соработник:			големина: А4	ИМЕ НА ЦРТЕЖОТ: ДЕТАЛ - ВКРСТУВАЊЕ СО ПОДЗЕМЕН ТФ КАБЕЛ
			размер:	E
				ЛИСТ: 4





ИМЕ НА ЛОКАЦИЈАТА: (КО Требош - вон град) - Општина Желино	НАРАЧКА Бр.:		ИНВЕСТИТОР: ЕВН Македонија А.Д., Скопје ул."Лазар Личеноски" бр. 11 Скопје КЕЦ 11 Тетово	EVN
ТЕХНИЧКИ Бр.: 0302-72/26			ИЗГОТВУВАЧ НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА: Механотехника ДООЕЛ, Битола ул.„Браќа Мингови" бб, Битола	
		дата:		
	име:	09/2026	ПРОЕКТ: Нова КБТС 10(20)/0,4 kV; 400(800) kVA и нов 10(20) kV кабелски вод КП бр. 422, КП бр. 421, КП бр. 420, КП бр. 418/2 (КО Требош - вон град) - Општина Желино	
Проектант:	Ангела Ристевска дипл.ел.инж.			
Соработник:			големина: А4	ИМЕ НА ЦРТЕЖОТ: Заземјување на КБТС	E	ЛИСТ: 5
			размер:			




H – H


ИМЕ НА ЛОКАЦИЈАТА: (КО Требош - вон град) - Општина Желино	НАРАЧКА Бр.:		ИНВЕСТИТОР: ЕВН Македонија А.Д., Скопје ул."Лазар Личеноски" бр. 11 Скопје КЕЦ 19 Гостивар		EVN
ТЕХНИЧКИ Бр.: 0302-72/26			ИЗГОТВУВАЧ НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА: Механотехника ДООЕЛ, Битола ул.„Браќа Мингови“ бб, Битола		
		дата:			
	име:	09/2026	ПРОЕКТ: Нова КБТС 10(20)/0,4 kV; 400(800) kVA и нов 10(20) kV кабелски вод КП бр. 422, КП бр. 421, КП бр. 420, КП бр. 418/2 (КО Требош - вон град) - Општина Желино		
Проектант:	Ангела Ристевска дипл.ел.инж.				
Соработник:			големина: А4	ИМЕ НА ЦРТЕЖОТ: Хоризонтален пресек на КБТС	E ЛИСТ: 6
			размер:		











ИМЕ НА ЛОКАЦИЈАТА: (КО Требош - вон град) - Општина Желино	НАРАЧКА Бр.:		ИНВЕСТИТОР: ЕВН Македонија А.Д., Скопје ул."Лазар Личеноски" бр. 11 Скопје КЕЦ 19 Гостивар	EVN
ТЕХНИЧКИ Бр.: 0302-72/26			ИЗГОТВУВАЧ НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА: Механотехника ДООЕЛ, Битола ул.„Браќа Мингови" бб, Битола	
		дата:		
	име:	09/2026	ПРОЕКТ: Нова КБТС 10(20)/0,4 kV; 400(800) kVA и нов 10(20) kV кабелски вод КП бр. 422, КП бр. 421, КП бр. 420, КП бр. 418/2 (КО Требош - вон град) - Општина Желино	
Проектант:	Ангела Ристевска дипл.ел.инж.			
Соработник:			големина: А4	ИМЕ НА ЦРТЕЖОТ: Димензии и фасади на КБТС
			размер:	E
				ЛИСТ: 7